ВЛАДА НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

GOVERMENT OF
THE REPUBLIC OF MACEDONIA

# ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ
CRISIS MANAGMENT CENTER

## БИЛТЕН НА ЦЕНТАРОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

**НОЕМВРИ – ДЕКЕМВРИ 2018**



## Успешно завршена Меѓународната Штабна Вежба “SEESIM 18“

**Субјектите од Системот за Управување со Кризи успешно ја завршија својата работа во справувањето со кризни ситуации и достојно ја претставуваа Република Македонија. Меѓународната Штабна Вежба “SEESIM 18“ се одвиваше во Центарот за управување со кризи од 26-29.11.2018 година.**





## Симулациска вежба ТОКСИЧЕН ШТИТ – 2018



**ЦУК, 30.10.2018 - Во домот на АРМ во Скопје. денес и утре се одржува симулирана штабна вежба за националната стратегија на Македонија за борбата против оружје за масовно уништување (ОМУ) ТОКСИЧЕН ШТИТ – 2018. Целта на симулациските вежба е да ја процени и да ја потврди ефикасноста на стратегијата на Македонија за борба против ОМУ и нејзините составни компоненти.**

**Во својот говор по повод отварањето на вежбата, директорот на ЦУК м-р Агрон Буџаку, изразувајќи ја својата благодарност во името на Владата на Р. Македонија меѓудругото истакна:**

**„Кога станува збор за "Стратегијата за справување со пролфилерација на оружје за масовно уништување и заштита од ХБРН закани", можеби ние денес ќе немавме прилика да зборуваме на оваа тема и помалку да организираме Симулирана вежба за евалуација на истата, доколку Р. Македонија не беше вклучена во Програмата за регионална поврзаност во спречување на пролиферација на ОМУ која се реализира на иницијатива на Центарот за регионална безбедносна соработка - РАКВИАК, а финансиски и експертски беше поддржана од страна на Командата на Армијата на САД за Европа (US EUCOM) и Агенцијата за одбрана и редукција на закани (DTRA-Defense Threat Reduction Agency), исто така од САД.**



**Укажувајќи дека „современата цивилизација се соочува и со големи предизвици и ризици, кои длабоко навлегуваат во зоната на асиметричност, непредвидливост и располагаат со извонредно голем потенцијал за загрозување на животот и здравјето на луѓето, животната средина, материјалните, културните и други богатства и вредности.", директорот на ЦУК ќе посочи дека „заради сериозната комплексност на современите безбедносни предизвици, неопходна е соработката помеѓу сите одговорни чинители, како на национално, така на регионално и глобално ниво."**



**На крај од своето обраќање директорот м-р А. Буџаку на учесниците им посака „успешна реализација на поставените цели со оваа Симулирана вежба, успешно споделување на искуства и знаења со претставниците на тимот од САД, како и нотифицирање на сите работи кои дополнително треба да се вклучат или усогласат во рамките на Акцискиот план за имплементација на Стратегијата!"**

**Инаку, со прифаќањето и развивањето на меѓународните документи и обврски, Република Македонија потврдува дека е одговорен член на Обединетите нации и во континуитет придонесува во имплементацијата на фундаменталните принципи за мир, стабилност и безбедносна соработка во светот.**

## ЦУК и Факултетот за безбедност - Скопје пред интензивна заедничка соработка и потпишување на меморандум

**На 08.11.2018 година се оствари средба на Продеканот за наука и развој на Факултетот за безбедност-Скопје доц. д-р Марјан Ѓуровски со Директорот на Центарот за управување со кризи на Република Македонија, м-р Агрон Буџаку. Разговорот беше во функција на подготовка за оддржување на заедничка научно-стручна дебата „Функционалната поставеност и ефикасност на системот за управување со кризи на Република Македонија„ и на усогласување на текстот на заедничкиот Меморандум за соработка меѓу Факултетот за безбедност-Скопје и Центарот за управување со кризи кој ќе го потпишат деканот проф. д-р Никола Дујовски и директорот м-р Агрон Буџаку.**



**Во престојната 2019 година Факултетот за безбедност-Скопје и Центарот за управување со кризи се планира да реализираат повеќе заеднички активности и на тој начин да ја интензивираат соработката.**

**На Факултетот за безбедност-Скопје студентите имаат можност во четврта година на студиската програма Безбедност да се определат за една од насоките Кризен менаџмент, а дипломираните студентите за свој избор на студирање на втор циклус на студии се нуди посебна студиска програма за управување со кризи.**

## Средба со претставници од меѓународни и невладини организации



**ЦУК, 18.12.2018 - Директорот на Центарот за управување со кризи, оствари координативна средба со претставници на меѓународни и невладини организации кои беа вклучени во справувањето со мигрантската криза.**
**На состанокот се дискутираше за активностите кои досега се одвиваа во двата прифатно-транзитни центри Винојуг и Табановце.**
**На средбата, директорот на Центарот за управување со кризи им додели благодарници на претставниците од меѓународните и невладините организации за досегашната успешна соработка и партнерство за време на кризната состојба со мигрантите.**

## Работен состанок со претставници на Владата на Република Македонија и со претставници на меѓународни организации во земјата



На ден 19 декември 2018 година во Центарот за управување со кризи се одржа работен состанок со владини претставници од Република Македонија и со претставници на меѓународни организации во земјата во контекст на НАТО.

Состанокот се одржа за потребите на запознавање со тековните активности со цел имплементација на проектот „Следна генерација на систем за командување и управување со инциденти“ (NICS), кој се реализира во рамки на Програмата на НАТО – Наука за мир и безбедност (SPS). Состанокот го водеше г-дин Агрон Буџаку, директор на Центарот за управување со кризи.

Од страна на г-дин Урим Вејсели, кодиректор на проектот за Република Македонија, беа демонстрирани можностите на веб-базираната алатка NICS, а воедно беше направена и куса презентација за напредокот на активностите за имплементација на проектот во Република Македонија и во регионот.

На средбата се дискутираше за изнаоѓање решенија со цел ефикасна имплементација на проектот во земјата, а од страна на присутните гости беше дадена поддршка во насока на развојот на проектот и реализација на предвидените проектни активности.

На состанокот беа присутни следните претставници: г-дин Тахир Хани, заменик генерален секретар на Владата на Република Македонија; г-дин Стево Пендаровски, национален координатор за подготовка на Република Македонија за членство во НАТО; г-дин Исмет Рамадани, претседател на Евроатлантскиот совет во Република Македонија; полковник Зоран Јанкович, шеф на Канцеларијата за врски на НАТО во Скопје и г-ѓа Мариа де Бенито Родригез, претставник на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Учество на состанокот земаа и други претставници од Канцеларијата за врски на НАТО во Скопје, како и претставници од Центарот за управување со кризи.

## Средба во ЦУК со претставници од хуманитарната организација АДРА - Македонија



ЦУК, 25.12.2018 - Директорот на Центарот за управување со кризи г-дин Агрон Буџаку, оствари средба со претставници хуманитарната организација АДРА - Македонија застапувана од директорот г-дин Ванчо Трајковски и г-дин Зоран Велковски, со цел продолжување и продлабочување на соработката помеѓу Центарот за управување со кризи и хуманитарната организација АДРА - Македонија.

На заедничката средба беше разгледана тековната состојба и спремноста на хуманитарната организација АДРА - Македонија да помогне со опрема и други материјални и нематеријални средства за справување со потенцијални кризни ситуации.



## Седница на Регионален штаб на ПО-РЦУК Прилеп

На 22 ноември 2018 година, Регионалниот штаб за управување со кризи – Прилеп, одржа редовен работен координативен состанок со штабот и претставници на субјекти од системот за управување со кризи, надлежни за превземање мерки и активности за превенција и рано предупредување во случај на кризна состојба.

Состанокот го отвори и со него раководеше раководителот на РЦУК – Прилеп и на РШ Илко Петкоски, а по сите точки од дневниот ред имаше дискусии од присутните членови на штабот и претставници од субјектите на СУК .

- По првата точка од дневниот ред е констатирано дека ризици и опасности кои би можеле да настанатво наредниот се обилните дождови и снегови кои би можеле според својот интензитет во одреден период да предизвикаат и полавување на одредени критични места како и прекини во сообраќајот, наноси, одрони, екстремно ниски температури со сув студ, ветрови и други опасности .
- Припременост на субјектите :

1. Претставникот на ЈП Македонија пат подружница Прилеп извести дека во случај на снежни врнежи одржувањето на Регионалните патишта во зона на одговорност на РЦУК Прилеп ќе биде отежнато и ненавремено поготово на патните правци : Прилеп – Тополчани магистрален пат; Прилеп Тополчани стар пат регионален; Прилеп – Ропотово – Црнилиште – Стровја; Прилеп – Ропотово -Лажани – Житоше – Кривогаштани – Бучин; Прилеп – Кривогаштани: Прилеп – Лагово – Обршани, Прилеп – Витолиште; Прилеп – Езеро, и Прилеп – Манастир Трескавец или вкупно 255 км.
2. Општина Прилеп има донесено Програма за зимско одржување на локалните патишта , потпишан договор за реализација на истата и денеска се доставени до РЦУК Прилеп.

Припремени екипи од ЈП водовод и канализација Прилеп, и ТППЕ-ПРИЛЕП во случај на поплавување.

3. Општина Кривогаштани има програма во постапка е потпишување на договор со изведувач до тој момент работите ги врши ЈП Пелагонија.

Припремени екипи ТППЕ-Кривогаштани во случај на полавување и формирана уневерзална единица.

По подолготрајна дискусија од сите преставници на субјектите донесени се следните:

Заклучоци

- Со цел да има навремена координација,на ,Се укажува на сите Субјектите од системот за управување со кризи да постапуваат по Уредбата за видот на податоците и информациите и за начинот и постапката на нивно доставување до Центарот за управување со кризи (сл. Весник на РМ број 09/07) и Уредбата за утврдување на оперативнитепостапки за меѓусебна комуникација ,координација ,соработка и постапување на субјектите во системот за управување со кризи сл. Весник на РМ број 27/18 )
- Со цел да има навремено информирање на населението за сите ризици и опасности се укажува на сите граѓани и субјекти од системот за управување со кризи да го короистат бесплатниот телефонски број 195
- ЈП Македонија пат – секција Прилеп да ја достави програмата за зимско одржување на Регионалните патишта во зона на одговорност на ПО РЦУК Прилеп.
- Се предлага ЦУК – Скопје да иницира постапка во програмата за зимско одржување на ЈП Македонија пат за секција Прилеп да се предвидат соодветни МТС и ЧР спрема големината на територијата што треба да ја покрија , а не само да се копираат делови од програмата од преткодните години која не е соодветна на потребите.
- Се укажувана ЕЛС Прилеп , Долнени и Кривогаштани декасогласно членовите 124 и 126 Закон за води се должни да ги утврдат сите критични точки каде би можело да настани поплавување во случај на поголеми врнежи на дожд и нагло топење на снегот, а истовремено дека се должни да имаат планови за заштита од поплави и истите треба да ги достават на одобрување до Центар за управување со кризи и Дирекција за заштита и спасување.
- Се укажува на ЕЛС Прилеп , Долнени и Кривогаштани преку надлежните инспектори да изврши контрола на евентуални диви депонии и други вештачки препреки кои бипредизвикале излевање на каналите и речните корита во населените места во случај на поројни дождови;
- Се укажува на МЗШВинспекторатотза земјоделие, , да донесе решенија за отстранување на сите физички препреки во руралните делови од речните корита и канали; Да преземат активности за спречување на копање на насипите на речните корита и канали;
- Се препорачува на МЗШВ преку Јавното претпријатие за пасишта во соработка соЕЛС-Прилеп , Долнени и Кривогаштани и другите надлежни институции да достави писмени известувања до сите сточари да си обезбедат храна за подолг временски период во зимски услови , а посебно до оние кои чуваат стока надвор од населените места каде нема уредено патишта и се надвор од програмите за зимско одржување.
- Заради превентивно делување, се препорачува водостопанство Прилепско поле да изврши увид на на терен и да утврди критични точки во каналите и речните корита одредени во својот план за работа и да достават писмен извештај до ПО РЦУК Прилеп за состојбата на истите, а истовремено во нардниот период да ја прати состојбата со сите водотеци и акумулаци и редовно да дава известување до РЦУК – Прилеп, како и да изврши санација на срушени насипи на речните корита и канали;

## Показна вежба за евакуација во случај на земјотрес во Струмица



На ден 22.11.2018 година Регионалниот центар за управување со кризи-Струмица заедно со ОО Црвен Крст -Струмица, Територијалната против пожарна единица - Струмица, Дирекцијата за заштита и спасување - Струмица , Секторот за Внатрешни работи - Струмица и Итната медицинска помош- Струмица реализираа показни вежби за евакуација во случај на земјотрес во ООУ „Видое Подгорец“ с.Колешино и ООУ “Мануш Турновски“ с. Ново Село .

Истиот ден се изврши и евакуација на вработените од Општинската зграда на Општина Ново Село од елементарна непогода – земјотрес. Согласно сценариото пред Општинската зграда се симулираше и сообраќајна несреќа на која волонтери на Црвен крст обучени за давање прва помош демонстираа извлекување на повредените од автомобилот заедно со вработените од ТППЕ и укажување на прва помош на повредени лица.

Целта на овие вежби е да го свртиме вниманието кон поодговорно управување со автомобилите во тој дел на магистралниот пат, како и кон сите општествени чинители кои се грижат за нашата безбедност и укажување на постапката за безбедна евакуација на учениците и наставниот кадар во случај на земјотрес, како и правилно пружање на прва медицинска помош на ученици од волонтери на црвен крст од истоимените училишта.

## Редовна седница на Регионалниот штаб при ПО РЦУК Гевгелија



На ден 23.11.2018 во просториите на ПО РЦУК Гевгелија се оддржа редовна седница на Регионалниот штаб при ПО РЦУК Гевгелија. На седницата со која раководеше Зоран Лазаровски, раководител на РШ при ПО РЦУК Гевгелија, присуствуваа претставници РЦУК Гевгелија, ТППЕ Гевгелија, Македонија пат Гевгелија, ЈПКД „Комуналец Полин“ Дојран и ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија.

По усвојување на записникот од претходната седница на РШ за управување со кризи при ПО РЦУК Гевгелија; потоа разгледувањето на информација за состојбата на прогласеното кризно подрачје, како и превземени активности на субјектите учесници во системот за управување со кризи со предлог мерки за претстојниот зимски период, денесени се следните заклучоци.



1. Се задолжуваат сите субјекти учесници во СУК за навремено доставување на податоци за настани и појави за време на зимскиот период согласно (Уредбата на Влада на РМ за утврдување на оперативните постапки за меѓусебна комуникација,координација,соработка и постапување на субјектите во СУК) сл. Весник на РМ бр. 27/18.
2. Се укажува на надлежните служби да се внимава на чистење на сливниците за вода покрај локалните и регионалните патишта, како не би дошло до излевање на водите во случај на поголеми врнежи од дожд и снег по самите патишта.
3. Се укажува на ЕЛС посебно да се внимава на сите критични точки на нивните подрачја, согласно планот за заштита и спасување и законот за води, чистење на речните канали и отстранување на разни препреки од дрва и друг нанос.
4. ТППЕ во корелација со општина Гевгелија да побараат организирање на обука за прва помош од страна на Црвен Крст за сите вработени во ТППЕ Гевгелија.
5. Се укажува на субјектите во СУК од потребата на користење на бесплатниот телефонски број за итни повици 195.



## Одржана седница на Регионалниот штаб на РЦУК Кичево



На ден 23.11.2018 год. се одржа 41-та вонредна седница на Регионалниот штаб на РЦУК Кичево. Покрај членовите на штабот на седницата присуствуваа и претставници на ЈП Македонија пат – секција Кичево, ТППЕ Кичево и ЕВН Македонија - КЕЦ Кичево.

Со седницата раководеше Раководителот на РШ на РЦУК Кичево, Сузана Тасевска и отвори дискусија за состојбата и можностите за справување со интензивни врнежи од дожд и снег на надлежните институции. Таа ги информира присутните дека овој период во соработка со ОО Црвен Крст и ЈЗУ Здраствен Дом изврши посета на повеќе населени места кои се наоѓаат на повисока надморска висина. Досега ги посети села: Бачишта, Грешница, Лешница, Црско, Козичино, Белица, Видрани и Прострање. На состаноците со месното население се констатираа нивните потреби и се извршија лекарски прегледи.

Раководителот на ДЗС ПО Кичево не извести дека нивна екипа извршила обиколка на критичните точки кои во минатото најчесто се поплавувале земјиштето и објектите.

Директорот на ЈП Македонија пат – секција Кичево ја образложи зимската програма за чистење, односно Акциониот план за зимско одржување на регионални и локални патишта.

Претставникот на Општина Кичево истакна дека завршена е постапката за избор на оператори за зимско одржување на патиштата. Бидејќи оваа година има повеќе финансии за оваа намена Општина Кичево не очекува поголеми проблеми и е подготвена за оваа зимска сезона.

Претставникот на ПС Кичево ја потенцира соработката со операторите кои се ангажирани за чистење на снег, но предлага повеќе да се обврни внимание на чистење на тротоарите.

Претставникот на ЕВН Македонија – КЕЦ Кичево поучен од минатото смета дека посебна е важна соработката со надлежните субјекти кога има потреба од интервенција за поправка на мрежата. Населението треба да има трпение бидејќи трасата на далекnoводите е многу недостапна кога има обилни врнежи од снег.

Претседателот на ОО Црвен Крст Кичево повторно ги става на располагање ресурсите на Црвен кст Кичево доколку има потреба од нив.

Преставникот на ЈЗУ Здраствен Дом Кичево е задоволна од соработката со РЦУК Кичево кои изнајдуваат можности за помош на Итната медицинска помош при изведување на нивните акции во услови на снег.



## Редовна седница на Регионалниот штаб при ПО РЦУК Дебар

На ден 30.11.2018 година, во просториите на ЕЛС Дебар, се одржа редовна седница на Регионалниот штаб на ПО РЦУК-Дебар во проширен состав со преставници од Субјектите во системот за управување со кризи надлежни за териториите на општина Дебар и Центар Жупа.

Седницата се одржа по следниов дневен ред 1. Подготовки за престојната зимска сезона и подготвеност на субјектите на СУК надлежни за справување со настанати ризици и опасности од поплави, снежни врнежи и наноси, појава на свеличшта и одродони на патните правци согласно оперативните планови за заштита и делување.

На седницата се денесени следните заклучоци.

1. Се задолжуваат сите субјекти учесници во СУК за навремено доставување на податоци за настани и појави за време на зимскиот период.
2. Се укажува на надлежните служби да се внимава на чистење на сливниците за вода покрај локалните и регионалните патишта, како не би дошло до излевање на водите во случај на поголеми врнежи од дожд и снег по самите патишта.
3. Се укажува на ЕЛС посебно да се внимава на сите критични точки на нивните подрачја, согласно планот за заштита и спасување и законот за води, чистење на речните канали и отстранување на разни препреки од дрва и друг нанос.
4. Се укажува на субјектите во СУК од потребата на користење на бесплатниот телефонски број за итни повици 195.

## РЦУК Кичево оствари посета во неколку кичевски села



**ЦУК, 07.12.2018 - Во рамките на превентивните мерки пред почетокот на зимската сезона, како и секоја година во овој временски период од годината на иницијатива на Раководителот на РЦУК Кичево, Сузана Тасевска, се изврши обиколка на населените места кои се на повисока надморска висина на подрачјето на општина Кичево. Оваа теренска активност се организира во соработка со Здраствен Дом Кичево, ДЗС Кичево, Црвен крст Кичево и Општина Кичево.**

**До сега се посетени селата: Бачишта, Лешница, Грешница, Белица, Видрани, Прострање, Црско, Козичино и Патеец. Според планските активности на РЦУК Кичево оваа акција продолжува и во наредниот период. Целта на овие средби со месното население кое живее во текот на зимскиот период во овие населени места е заради утврдување на подготвеноста на населението за престојната зимска сезона, како што е навремено снабдување со прехранбени прозиводи, лекови, сточна храна за домашните животни и др. при појава на поинтензивни снежни врнежи. Во исто време додека се разговараше за нивните потреби се изврши и контрола на поставените радиостаници од општинската УКБ радио мрежа. Бидејќи поголемиот дел од жителите се повозрасни беа посебно воодушевени од извршените здраствени прегледи, проверка на шеќер во крвта, крвен притисок и дадените стручни совети од страна на лекарскиот тим. При посетата беше доделена и помош во вид на облека на некои лица од страна на Црвен крст Кичево.**

## Седница на Регионален штаб на ПО-РЦУК Струмица



**На ден 13.12.2018 година во салата на Дом на АРМ Струмица, се одржа редовна седница на Регионалниот штаб за управување со кризи Струмица на која се работеше по следниот дневниот ред:**

**1. Подготвеност на ЕЛС Струмица, Василево Босилово, Ново Село и ЈПКД за спроведување на Програмата за одржување на улиците, локалните патишта во општините во зимски услови за 2018/2019 година и препораки за справување со ладниот бран.**
**2. Информација за состојбата со речните корита и акумулациите во надлежност на Водостопанство на РМ подружница Струмичко Поле-Струмица**
**3. Информација за исправноста на водата за пиење во Струмичкиот регион.**
**4.Запознавање акциониот план за подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух, препораки и мерки за намалување на аерозагадувањето во општина Струмица и регионот.**

**Седницата ја отвори и со неа раководеше Раководителот на РШ при ПОРКОА РЦУК Струмица Милан Русев а присуствуваа: претставници од ЕЛС Струмица, Василево, Ново Село и Босилово, претставници од ЈКП „Комуна “-Ново Село, ЈКП „Турија “-Василево, Македонија пат-Струмица, МЗШВ Струмица, ПШС „Беласица “Струмица, ЈЗУ Здравен дом Струмица, ВС на РМ Подружница „ Струмичко поле “ Струмица, Агенција за храна и ветеринарство ПЕ Стумица, ДЗС Струмица, ТППЕ Струмица, Црвен Крст и др.**

**По завршувањето на седницата беа донесени следниве заклучоци:**
**1 Се задолжуваат ЕЛС Струмица, Василево. Босилово и Ново Село ЈЗУ„Здравен Дом“ Струмица , ОО на Црвен Крст Струмица ,ПО РЦУК Струмица и ДСЗ ПО Струмица да извршат посета на населените места за кои постои поголем ризик за отсечување од цивилизација во случај на евентуални обилни снежни врнежи во престојниот зимски период.**
**2.Се задолжуваат сите субјекти учесници во Системот за управување со кризи да ја зголемат меѓусебната координација со цел поефикасно справување во кризна состојба во зимски вонредни услови, доследно да ги почитуваат законските надлежности, и да се придржуваат на усвоените Оперативни планови за дејствување при екстремно зимски вонредни услови.**
**3. Приоритет при чистење и одржување на патните правци ,да им се даде на правците кои водат до медицинските установи, школите,ТППЕ , органите на државната управа и ЕЛС, како и планинските села кај кои постои можност за отсеченост и тоа селата Мемешли, Дорломбос, Орманли (општина Струмица) Висока Маала (општина Василево), Барбарово,Бадилен иСтиник (општина Ново Село)**
**4. Се задолжуваат сите здравствени јавни установи во општината редовно да ја следат ситуацијата околу здравствената состојба на населението и редовно да информираат за состојбата.**
**5. Сите институции кои се опфатени со Акциониот план за превенирање на штетните влијанија и последиците од студеното време и студените бранови врз здравјето на населенито во РМ да ги превземат сите соодветни активности и мерки кои се определени според фазите од системот за ранопредупредување и алерт во зимскиот период.**
**6,Се задолжуваат општините Ново Село, Василево и Босилово да изработат Акционен план за подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух во Општините**



## Пожарот во близина на с.Штавица - Прилепско е локализиран

**ЦУК, 01.11.2018 - Од ТППЕ - Прилеп известуваат дека пожарот на Селечка Планина во непосредна близина на с.Штавица - Прилепско од 30.11.2018 година, во текот на вчерашниот ден е локализиран околу 12:00 часот. Се работи за приземен пожар во борова шума каде горело лисната постилка на површина од околу 3 Ха. Во гаснењето на истиот учествувале екипи од ТППЕ - Прилеп и Македонски шуми ЈП „Црн Бор“ - Прилеп. Од страна Македонски шуми ЈП „Црн Бор“ - Прилеп оставена е група од неколку вработени заради контрола на теренот.**

## Активни пожари во Струмичко и Струшко

**ЦУК, 07.11.2018 - Од ШС „Беласица“ Струмица известуваат дека шумскиот пожар од 05.11.2018 година, над с.Габрово на врвот од планината Беласица - м.в.Аџи бунар повторно се активирал. Опожарена е дабова шума, габер и букова шума. Во текот на вчерашниот ден интервенирале вработени од ШС „Беласица“ Струмица. Пожарот е сеуште активен, и на него ќе се интервенира денес во текот на утринските часови од страна на вработени од ШС „Беласица“ Струмица.**

**Од ЈПШС „Јабланица“ – Струга информираат дека пожарот на карпест недостапен терен во атарот на с.Луково е уште е активен. Екипа од ЈПШС „Јабланица“ – Струга е на терен и ја следат состојбата за да не дојде до проширување до пожарот.**

## Активни пожари на територијата на Македонија

**ЦУК, 08.11.2019 - Во општина Кичево, пожарот во делот кај селата Бериково и Ќафа е локализиран, но е активен и се движи високо над с.Туин кај м.в.Ќелојца. До местото каде се пристапува интервенирано е од страна на екипи на ТППЕ Кичево, РЕК Осломеј, ШС „Лопушник“ – Кичево, ДЗС Кичево и полицајци од ПС Осломеј. Нема загрозување на лица од месното население и материјалните добра. На терен остануваат лицата од ШС Лопушник.**

**Пожар кој е префрлен од селата Русјаци и Ореоец (опш.Македонски Брод) кон селата Козичино и Патеец (опш.Кичево) е активен. Гори трева, нискостеблеста шума и бука високо над селата. Во гаснењето на пожарот интервенираат лица од ШС „Лопушник“ – Кичево. На ден 08.11.2018 година екипа на ШС Лопушник повторно ќе излезе на терен.**

**Во општина Струга, пожарот близу с.Луково каде што гори трева во карпест дел е активен, а интервенираат вработени од ШС „Јабланица“ – Струга.**

**Од ШС „Беласица“ – Струмица известуваат дека шумскиот пожар од 05.11.2018 година, над с.Габрово на врвот на планината Беласица, м.в.Аџи Бунар е локализиран. Опожарена е површина од околу 200 хектари претежно дабова шума, габер и букова шума. Во гаснењето учествувале вработени од ШС Беласица. Во текот на ноќта луѓето се повлечени а терен, а денес во утринските часови нивна екипа повторно ќе излезат на контрола.**

## Состојба со пожарите на територија на Македонија 09.11.2018

**ЦУК, 09.11.2018 - Шумскиот пожар кој започнал на ден 06.11.2018 година над с. Габрово на врвот од планината Беласица м.в. Аџи Бунар е ставен под контрола. Во гаснењето учествувале вработени од ШС Беласица. Луѓето се повлечени, а во утринските часови ќе излезат во контрола на теренот.**

**Пожарот кај Бериково и Ќафа, општина Кичево, кој започна на 06.11.2018 година, има 2 активни жаришта на висок и непрестапен терен. Едното жариште е над село Папрадишта и другото над село Бериково. Гори папрат, трева, листенец, букова шума и нискостеблеста шума. На двете места има екипи од ШС Лопушник кои ја контролираат ситуацијата.**

**Пожарот кај село Козичино кој започна на ден 07.11.2018 година се конторлира со екипа од ШС Лопушник. Пожарот е високо над селото и во моментов нема опасност по објекти и лица.**

**Активен е и пожарот во атарот на селата Русјаци и Ореовец, општина Македонски Брод. Истиот е на непристапен терен и не загрозува шумски појас, а гори дел од пасиште со сува трева.**

## Состојба со пожари на територија на Македонија



**ЦУК, 10.11.2018 - Според информациите добиени до 08:30 часот, од ШС „Лопушник“ – Кичево известуваат дека пожарот кој се движеше во правец на с.Бериково и Ќафа е изгаснат. Исто така, пожарот над с.Папрадиште е локализиран и е ставен под контрола. Горела папрат, трева, листенец, букова шума и нискостеблеста шума.**

**На ден 08.11.2018 година во попладневните часови заеднички тим од РЦУК Кичево и ДЗС Кичево направил обиколка на теренот кој е зафатен со пожар кој се префрли од територијата на Македоснки Брод. Со пожарот е зафатена букова шума и пожарот сеуште е на висок непристапен терен но се движи во правец на с.Козичино. Пожарот е локализиран.**

**Од ШС „Беласица“ – Струмица информираат дека пожарот над с.Габрово е локализиран и догорува во внатрешноста. Местото на пожарот постојано го контролира екипа од ШС.**

## Состојба со пожари на територијата на Македонија (8:30 ч.)

**ЦУК, 12.11.2018 - Од ШС „Кајмакчалан“ – Битола известуваат дека пожарот кај с.Кишава сеуште е активен. На ден 11.11.2018 година интервенирале вработени во ШС, кои известуваат дека пожарот во голема мера е локализиран. За ден 12.11.2018 година планирано е нивна екипа да излези на терен.**

**Од ТППЕ Крушево известуваат дека во 18:30 часот на ден 10.11.2018 година добиле пријава за пожар во атарот на Крушево, м.в.Бела Вода. Поради вечерните часови истиот ден не е интервенирано, туку со интервенција започнале утрото на ден 11.11.2018 година, Интервенирале нивна екипа и вработени во ШС „Липа“ – Крушево. Опожарена е површина од околу 100 хектари сува трева, папрат, борови насади, нискостеблеста дабова шума и букова шума. Пожарот сеуште е активен со намален интензитет, а на истиот ќе се интервенира и на 12.11.2018 година.**

**Од ШС „Лопушник“ Кичево известуваат дека од 16:00 часот на ден 11.11.2018 година активен е шумски пожар над с.Колари. Во текот на утринските часови на ден 12.11.2018 година, екипа од ШС „Лопушник“ Кичево ќе оди на терен за да интервенира на пожарот.**

## Состојба со пожари на територијата на Македонија ( 8:30 ч.)

**ЦУК, 13.11.2018 - Од попладневните часови на ден 11.11.2018 година има шумски пожар во ското село Црвена Вода. Со пожарот е зафатена мешана шума даб и бука и истиот е на непристапен терен. Во гаснењето на пожарот интервенирале лица од ШС „Караџица“. Во текот на денешниот ден ќе продолжат со гаснење на пожарот.**

**Од ШС „Кајмакчалан“ – Битола известуваат дека пожарот во с.Кишава, кој е започнат на ден 09.11.2018 година сеуште е активен. Во текот на вчерашниот ден интервенирале лица од ШС Кајмакчалан. Се работи за приземен пожар каде гори лисна постилка, папрат и сува трева. Екипата во текот на ден 13.11.2018 година повторно ќе интервенира.**

**Во општина Крушево, пожарот на м.в.Долни Камења, во близина на с.Селце кој започна на ден 11.11.2018 година, сеуште е активен, но во еден дел е изгаснат. Гори дабова и букова шума, дел борчиња, сува трева, папрат и трње. Во текот на денот интервенирале ТППЕ Крушево и вработени од ШС „Липа“ – Крушево. Со гаснењето на пожарот ќе се продолжи во текот на денешниот ден.**

**Од ТППЕ Струмица известуваат дека во текот на вчерашниот ден во попладневните часови појавени се пожари на две локации и тоа над с.Колешино (опш.Ново Село) и над с.Банско (опш.Струмица). Во утринските часови на ден 13.11.2018 година планирано е во гаснењето на пожарите да интервенираат екипа од ТППЕ Струмица, како и вработени од ШС „Беласица“ – Струмица кај с.Банско и вработени од ШС кај с.Колешино.**
**Од ШС „Лопушник“ – Кичево известуваат дека на ден 11.11.2018 година појавен е пожар високо над с.Колари во кој гори листенец и нискостеблест даб. На ден 12.11.2018 година, вработени од ШС Лопушник била на лице место и го контролирала пожарот,**

**Во општина Македонски Брод, во текот на вчерашниот ден од 14:10 часот појавен е пожар на просторот помеѓу селата Русјаци и Ореоец, м.в.Јамчки Камен во кој гори сува трева и папрат. Во текот на денот интервенирале вработени во ШС „Сандански“ – Македонски Брод и екипа на ТППЕ Македонски Брод**

## Состојба со пожари на територијата на Македонија

**ЦУК, 14.11.2018 - Според информациите пристигнати до 8:30 часот во ЦУК, состојбата со активни пожари на територијата на Македонија е следна:**

**Велешки регион - Во попладневните часови на 11.11.2018 година, во месноста Средок во атарот на велешкото село Мокрени, појавен е шумски пожар. Од пожарот е зафатена високостеблеста букова и дабова шума. Пожарот е приземен, гори листинец и суви гранки. Во гасењето се ангажирани вработени во ШС Бабуна. Во текот на денот изработен е појас со цел да се спречи понатамошното ширење на истиот. Во текот на денешен ден екипата на ШС Бабуна ќе продолжи со гасењето.**

**Охридски регион - Во попладневните часови на ден 12.11.2018 година започант е пожар во атар на селата Врбјани и Годивје. Со пожарот е зафатена сува трева , ниска вегетација и дел од шума. Екипа на ТППЕ Охрид работи на негово локализирање. Околу 12:30 часот на ден 13.11.2018 година започант е пожар во атар на с.Речица, општина Охрид. Со пожарот зафатена е нискостеблеста шума и сува трева на непристапен терен. Во гаснењето на пожарот интервенирале 4 лица од ШС Галичица. Пожарот е сеуште активен. Пожарот во атар на с.Колари, општина Кичево кој започанал на ден 11.11.2018 година е целосно изгаснат. На ден 12.11.2018 година во 14:10 часот започнат е пожар на отворен простор помеѓу селата Русјаци и Ореоец на место викано Јамчки Камен, општина Македонски Брод. Во гаснењето на пожарот интервенирале лица од ШС од Македонски Брод и екипа од ТППЕ Македонски Брод. Во моментот гори сува трева и папрад, и дел од лисна постилка во дабова шума. Нема поголема опасност. Гори поголем појас и не може да се утврди точна локација на викано место. Од страна на атар на с.Ореовец е ставен под контрола, а од страната на с.Русјаци гори, но без опасност од проширување во шумски појас. Активно е од страната на с.Ижиште каде се очекува да префрли пожарот на територија на општина Кичево, но засега не сеуште на територија на општина Македонски Брод.**

## Состојба со пожари на територијата на Македонија

**ЦУК, 15.11.2018 - Од ТППЕ-Крушево известуваат дека пожарот на м.в.Долни Камења во близина на с.Селце кој започна на ден 11.11.2018 г. каде гореше дабова и букова шума, дел борчиња, сува трева, папрат и трње е ставен под конрола.**

**Од ПСШ-Кајмакчалан-Битола известуваат дека пожарот кај село Кишава е сеуште активен. Во текот на ден 14.11.2018 година интервенираше екипа од ПШС-Кајмакчалан-Битола. За ден 15.11.2018 година повторно ќе интервенира екипа од ПШС-Кајмакчалан-Битола.**

## Состојба со пожари на територијата на Македонија

**ЦУК, 16.11.2018 - Од ШС „Сандански“ Македонски Брод известуваат дека во текот на вчерашниот ден од 10:00 часот екипа на ШС „Лопушник“ Кичево интервенира на шумски пожар во атарот на селата Патеец и Козичино. Гори дабова, букова шума и листенец. Ангажирани се само човечки ресурси поради непристапноста на теренот. Пожарот е високо над селата Патеец и Козичино и во моментов не се загрозени куќите од селата. Исто така, од ШС „Сандански“ Македонски Брод известуваат дека пожарот кај с.Ореовец и од страна на с.Русјаци е се уште активен но без опасност од проширување во шумски појас. На местото на пожарот била упатена екипи од ШС „Сандански“ Македонски Брод и ТППЕ Македонски Брод.**

**Од ШС „Беласица“ Струмица известуваат дека од 11:00 часот на ден 15.11.2018 година, активен е шумски пожар над с.Габрово на планина Беласица помеѓу селата Колешино и Банско - м.в. Момина Пољјана. Гори буков лист и отпад од сеча – приземен пожар со бавен интезитет. Се интервенирало со вработени од ШС „Беласица“ Струмица и со гаснење ќе се продолжи во текот на денешниот ден. Пожарот сеуште е активен но нема опасност од проширување.**

**Пожарот кај гостиварското село Печково, кој сеуште активен е делумно локализиран. Поради непристапниот терен локализирањето на пожарот е отежнато, но нема опасност од понатамошно ширење..**

**Шумски пожар над с.Доброште опш.Теарце. е сеуште активен и истиот се спушта низводно по Доброшка река во правец кон с.Доброште. Зафатена е дабова шума. Известени се ТППЕ Тетово и МШ „Лешница“ Тетово кои во текот на утринските часови ќе испратат екипа на местото на пожарот.**

## Состојба со пожари на територијата на Македонија

**ЦУК, 17.11.2018 - Според инфирмациите пристигнати во ЦУК до 8:30 часот, состојбата со пожарите на отворен простор на територијата на Македонија е следна:**

**Охридски регион- Од ШС „Сандански" Македонски Брод известуваат дека од страната на селата Ижиште и Ореовец пожарот е локализиран, додека сеуште гори на атар на с.Русјаци на висок и непристапен дел над карпест предел и нема опасност по шумски појас. ШС „Лопушник" Кичево известува дека пожарот над селата Патеец и Козичино е делумно локализиран од нивна страна. Се појавува само чад од опожарените места.**

**Струмички регион - Од ШС „Беласица" Струмица известуваат дека пожарот над с.Габрово на планината Беласица, од страната на с.Габрово е локализиран. Еден крак е активен према с.Банско, но е пресечен со природни патеки и нема опасност од ширење. Интервенирале вработени од ШС „Беласица". Во утринските часови на ден 17.11.2018 година, ќе се интервенира и се очекува да биде изгаснат.**

**Велешки регион - Од ШС „Бабуна" Велес известуваат дека нивна екипа интервенирале на пожар над с.Мокрени. Се работи за приземен пожар каде гореле лисја, трула маса и паднати дрва. Пожарот е локализиран и сеуште дими во внатрешноста, меѓутоа нема опасност од проширување. Денес ќе се изврши проверка на теренот.**

## Пожар во атарот на селото Саса

**ЦУК, 18.11.2018 - Од ТППЕ Македонска Каменица известуваат дека во текот на вчерашниот ден од 11:00 часот има активен пожар во атарот на село Саса 2, кај м.в.Портарето (Полана-та), со кој е опожарена папрат, дабова и букова шума на поголема површина. Интервенирала нивна екипа и шумари. Поради тешко достапен терен, интервенцијата е прекината во вечерните часови, а кон негово гасење ќе се пристапи и во текот на денешниот ден.**

## Почувствуван земјотрес во западните делови на Македонија

ЦУК, 14.11.2018 - Телеметриската сеизмолошка мрежа на Република Македонија, со станици во Скопје, Валандово, Охрид, Штип и Пехчево, одржувана од Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, на ден 13.11.2018 година во 14:47 часот регистрирше земјотрес, чиј епицентар се наоѓа 180 km западно од Скопје, во соседна Република Црна Гора. Неговата Рихтерова магнитуда изнесува 4.4, а беше почувствуван од населението во западните делови од републиката со интензитет од III степени според Европската макросеизмичка скала.

## Почувствуван земјотрес во јужните делови од републиката

ЦУК, 14.11.2018 - Од Сеизмолошката опсерваторија добиено е известување во кое се наведува следното: Телеметриската сеизмолошка мрежа на Република Македонија, со станици во Скопје, Валандово, Охрид, Штип и Пехчево, одржувана од Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, на ден 19.11.2018 година во 05:47 часот регистрираше земјотрес, чиј епицентар се наоѓа 180 km југоисточно од Скопје, во соседна Република Грција. Неговата Рихтерова магнитуда изнесува 4.2, а беше почувствуван од населението во јужните делови од републиката со интензитет од III степени според Европската макросеизмичка скала.

## Земјотрес со слаб интензитет почувствуван во Скопје

ЦУК, 14.11.2018 - Телеметриската сеизмолошка мрежа на Република Македонија, со станици во Скопје, Валандово, Охрид, Штип и Пехчево, одржувана од Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, на 22.11.2018 година во 17 часот и 48 минути регистрирше земјотрес со Рихтерова магнитуда од 2.6 чиј епицентар се наоѓа 35 km северно од Скопје на границата со Косово. Земјотресот беше почувствуван во Скопје со интензитет од III степени според Европската макросеизмичка скала.

## Показна вежба за евакуација во случај на земјотрес

На ден 22.11.2018 година, вработените од општина Ново Село, вработените и учениците од ООУ „Мануш Турновски" – с.Ново Село и ООУ „Видое Подгорец" – Колешино земале учество на показна вежба за евакуација во случај на елементарна непогода „земјотрес".

## Симулациска вежба на излевање на р.Липковка

На ден 21.11.2018 година, од 11:30 до 13:00 часот била одржана симулациска вежба на излевање на р.Липковка во која биле опфатени повеќе инстиотуции.

Целта на симулационата вежба била да се зајакнат капацитетите на тимовите за укажување итна медицинска служба во Куманово, да одговорат на потребите за време на поплава преку евалуација на повеќе функции од планот за подготвеност и одговор при кризни состојби на најреалистичен можен начин, за време на поплава.

Се симулирало излевање на р.Липковка од речното корито како резултат на пороен и силен дожд, во градското подрачје и ги поплави околните куќи (на локацијата „Средорек“ и низводно). При поплавата имало повредени и давеници кои сеуште покажувале знаци на живот.

По завршувањето на симулационата вежба се одржал состанок за евалуација со сите учесници во салата на општата болница во Куманово со почеток во 13:30 часот. Состанокот го водел Координаторот за функционирање на здравствениот систем во кризни/вонредни состојби.



## РЦУК Струмица во работна посета во Краљево во Република Србија.

**ЦУК, 19.12.2018 - Претставници од Регионалниот центар за управување со кризи Струмица, Дирекцијата за заштита и спасување Струмица, Црвен Крст Струмица и претставник од УНДП Скопје, во периодот од 16 до 18.12.2018 година, реализираа студиска работна посета на градот Краљево, Република Србија.**

**Оваа посета беше организирана со цел размена на искуства со колегите од Секторот за европски прашања за цивилна заштита при градската администрација на градот Краљево и е подржан од Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), во рамките на проектот „Градење на акциска мрежа за урбана отпорност во Југоисточна Европа“ - SEE URBAN во која покрај останатите земји од регионот се вклучени Република Македонија и Република Србија.**

**Посетата започна со прием од страна на градоначалникот на Краљево - Предраг Терзиќ и шефот на Проектниот центар Марјана Продановиќ, која информираше и презентираше низа на проекти, а воедно и презентација на градот Краљево со сите културно историски знаменитости и современиот начин на живот.**

**Работниот дел од посетата продожи и се одвиваше во Одделението за цивилна заштита при градската управа -Сектор за цивилна заштита каде се презентираа системите за заштита и спасување, нивните сличности и различности, начинот на организирање и справување со сите предизвици, преку практични примери од секојдневното работење.**

**Посетата продолжи во предучилишната установа "Олга Јовичиќ - Рита", каде што беа претставени активностите во врска со реализирани обуки со вработените од детската градинка и реализирани вежби со децата се со цел увежбување и подготовка за справување и спроведување на проектот "Мала цивилна заштита".**

**Вечерта се одржа средба со повереницитe – волонтери за цивилна заштита на градот Краљево, при што имаше можност да се разменат искуства и знаења.**

**Наредниот ден беа претставени уште неколку проекти за смалување на ризикот од шумски пожари, а од страна на ЦУК беше претставен веб базирана алатка МКФФИС, како и останатите апликации и системи на ЦУК.**

**Билтен на Центарот за управување со кризи на Република Македонија**
**(електронско издание)**

**Издава: Центар за управување со кризи на Република Македонија**
**Редакциска подготовка и графички дизајн: Одделение за односи со јавноста и протокол**
**Адреса : ул. Димче Мирчев бр. 9, П.ФАХ 372 1.000 - Скопје**

**контакт: тел: 3 249 101 факс: 3 249 102**
**веб: www.cuk.gov.mk**
**e-mail. mail@cuk.gov.mk**